# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 2 март 1977
Скопје
Број 8 Год. XXXIII

Претплатата за 1977 година изнесува 380 динари. Овој број чини 6 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**49.**

Врз основа на член 27 од Законот за републичките стоковни резерви („Службен весник на СРМ“ бр. 36/76), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

1. За претседател и членови на Советот на Дирекцијата за републички стоковни резерви се именуваат:

а) за претседател:

— Ванчо Здравев, дипл. технолог-генерален директор на сложената организација на здружен труд „ИНТЕКС“ — Скопје;

б) за членови:

1. Срећко Маневски, дипл. инж. агроном — генерален директор на „ЗИК“ — Куманово;
2. Гаврил Гаврилски, дипл. економист — генерален директор на „Југопетрол“ — трговска работна организација — Скопје;
3. Ацо Симовски, дипл. инж. агроном — директор на Заеднички служби во „Жито-Македонија“ — прехранбен комбинат — Скопје;
4. Атанас Доцев, дипл. инж. технолог — шеф на Набавното одделение во Топилницата за олово и цинк „Злетово“ — Титов Велес;
5. Стојан Димовски, директор на секторот за набавки во Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски -Мерџан“ — Тетово;
6. Дургут Едипов, дипл. економист-секретар на Секретаријатот за индустрија и рударство во Стопанската комора на Македонија;
7. Миле Јошевски, дипл. економист — директор на Дирекцијата за краткорочно кредитирање во Стопанската банка — Скопје;
8. Благоја Мисајловски, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана;
9. Трајче Галевски, советник во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;
10. Киро Докузовски, советник на републичкиот секретар за земјоделство и шумарство;
11. Никола Грчев, економист — помошник на генералниот директор на Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје;
12. Тахир Кадриу, заменик на републичкиот секретар за финансии.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-259/1
20. 1. 1977 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

**50.**

Врз основа на член 67 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70, 20/71, 35/71 и 34/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС

I. За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Центарот за слух, говор и глас, се именуваат:

1. Никола Николовски, помошник секретар на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Скопје;
2. д-р Иван Андонов, оториноларинголог во Здравствен дом — Скопје;
3. Тома Пулејков, судија на Врховниот суд на Македонија.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-257/1
20. 1. 1977 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с.р.

**51.**

Врз основа на член 225 став 4 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“, број 12/76, 44/76 и 4/77), републичкиот секретар за финансии донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ СО ЧЕКОВНИ УПЛАТНИЦИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се регулира начинот на плаќањето на даночните обврски со чековни уплатници.

Член 2

Чековната уплатница, пополнета од органот за приходи на општината му се врачува на обврзникот на данокот најмалку 15 дена пред предвидените рокови за плаќање на стасаните износи на данокот односно аконтацијата.

Член 3

Органот за приходи на општината може чековните уплатници да ги достави на даночниот обврзник предвремено, во повеќе примероци, заедно со решението за облог со данок.

Чековните уплатници во смисла на претходниот став се пополнуваат од страна на органот со бројот на сметката, името и презимето на обврзникот и со личната даночна сметка.

Во доставницата за врачување на решението за облог со данок се назначува и бројот на врачените чековни уплатници.

Член 4

Надлежниот орган, по барање на даночниот обврзник, му издава чековна уплатница и пред предвидените рокови за стасаноста на обврските.

Член 5

Уплатувањето на даноците со чековни уплатници се врши преку органите и организациите овластени за вршење платен промет и кај органот за приходи на општината, доколку има организирано служба за платен промет — уплатно место.

Член 6

За плаќање на даноците кои не влегуваат во собирна преодна сметка 846, се користи општа уплатница.

Член 7

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на плаќањето на придонесите и даноците со чековни уплатници („Службен весник на СРМ“, број 11/65).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-301/1
17 февруари 1977 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с.р.

**52.**

Врз основа на член 168 од Законот за финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ“, бр. 3/73 и 17/74), републичкиот секретар за финансии донесува

# УПАТСТВО

## ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ЗА 1976 ГОДИНА

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

1. Завршната сметка на буџетот на Републиката и општините се составува според одредбите на Законот за финансирање на Републиката и општините и одредбите на ова упатство.

2. Завршната сметка на буџетот за 1976 година се состои од:

1) Општ дел;
2) Посебен дел;
3) Извршување на буџетот за 1976 година (образец „ЗСБ“); и
4) Извештај за извршување на буџетот.

### II. ИЗРАБОТКА НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ

**1. Општ дел на завршната сметка на буџетот**

Општиот дел на завршната сметка на буџетот содржи:

1) Вкупен износ на остварените приходи според билансот на буџетот;

2) Вкупен износ на извршениот распоред на приходите според билансот на буџетот;

3) Разлика помеѓу вкупно остварените приходи и извршениот распоред на приходите според билансот на буџетот;

4) Распоред на остварениот вишок на приходите односно начинот на покривањето на дефицитот;

5) Преглед на предвидените и остварените приходи во билансот според класификационите броеви на распоредните групи и подгрупи;

6) Преглед на остварувањето на општиот распоред на приходите на билансот на буџетот, според класификационите броеви и распоредните групи и распоредните подгрупи.

**2. Посебен дел на завршната сметка на буџетот**

Посебниот дел на завршната сметка на буџетот содржи преглед на предвидениот и извршениот распоред на приходите во посебниот дел на буџетот, по корисници на средствата, а по намените и позициите на распоредните групи и распоредните подгрупи што се утврдени во посебниот дел на буџетот.

Искажувањето на предвидениот и извршениот распоред на приходите во посебниот дел на завршната сметка на буџетот се врши во три колони и тоа:

а) предвидено во буџетот;

б) предвидено по ребалансот на буџетот и дополнителните измени; и

в) извршено.

Искажувањето на износите во колоните се врши според буџетот на Републиката односно општината за 1976 год.

**3. Извршување на Буџетот за 1976 година (образец ЗСБ)**

На образецот ЗСБ — Извршување на буџетот за 1976 година се искажува остварувањето на сите приходи на Републиката односно општината и нивниот распоред, без оглед на тоа дали тие се распоредуваат во буџетот, фондови или други корисници, или им се отстапуваат или распоредуваат како дополнителни средства на други општествено-политички заедници.

А. ПРИХОДИ

Во делот под А) од образецот ЗСБ се искажуваат остварените приходи и други користени средства со кои располагала Републиката односно општината.

Во овој дел се искажуваат сите приходи што се уплатуваат и распоредуваат на буџетот и другите корисници согласно прописите.

Републиката односно општината што донела одлука за продолжување на буџетската година до 31 јануари 1977 година ќе ги искаже и приходите остварени и пренесени во буџетот во тој период.

Пополнувањето на одделните редни броеви од овој дел на образецот ќе се врши според Правилникот за начинот за водење евиденцијата и за начинот за изработка на билансот на планираните средства за општата и заедничката потрошувачка и за извештајот за извршувањето на тој биланс („Службен лист на СФРЈ“, бр. 30/75 и 9/76) и ова упатство.

Под реден број 1 — средства пренесени од претходната година се внесуваат податоци за пренесените средства по завршната сметка од претходната година.

Под реден број 3 се внесува износот остварен од данокот од личен доход за продолжена работа и од работа на пензионери.

Под реден број 9 — се внесуваат останатите даноци од личен доход (на работниците вработени кај работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд).

Под реден број 16-се внесува остварениот данок од згради, данок на приходи од имот и имотни права, данокот на добивки од игри на среќа, данокот на наследство и подароци и др.

Под реден број 23-се внесуваат паричните казни што се утврдени со посебен пропис како приходи на Републиката односно општината.

Под реден број 24-други приходи се внесуваат приходите на републиката односно општината, што се утврдени со одделни прописи, а не се искажани во претходните редни броеви.

Под реден број 26-приходи на органот на управата, се внесуваат уплатените приходи во буџетот што органите на управата ги оствариле од својата дејност.

Под реден број 27-се искажуваат остварените приход[illegible] б[illegible], [illegible] не се искажани во другите редни броеви.

Под реден број 30-се внесуваат средствата примени од буџетот на име дополнителни средства од Федерацијата (за Републичкиот буџет) и од Републиката (за општинските буџети).

П[illegible]д [illegible]е[illegible] б[illegible]ј 31-[illegible] вн[illegible]в т редствата наменети за финансирање на заеднички органи од повеќе општини.

Под реден број 33-се внесуваат средствата на буџетот добиени од кредитни односи, а се користат за општа потрошувачка.

Под реден број 34 — се внесуваат ослободени претходно орочени средства, ослободени средства од депозити и сл.

### Б. РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ

На редните броеви од 37 до 76 се внесуваат податоците за вкупно користени средства по намени означени во тие редни броеви, а според класификацијата на расходите утврдени во буџетот на Републиката односно на општината за 1976 година.

Под реден број 60-се внесуваат издвојувањата по основ на Законот за полагање на депозит при инвестициони вложувања во нестопански и непроизводни инвестиции („Службен лист на СФРЈ", број 36/75).

На реден број 61 — се искажува пресметаниот износ во Резервниот фонд на буџетот.

На редните броеви 87 до 93 — се искажува состојбата, движењето и користењето на средствата од Резервниот фонд.

### 4. **Извештај за извршувањето на буџетот**

Органот на управата надлежен за работите на буџетот составува извештај за извршувањето на буџетот, кој е составен дел на завршната сметка на буџетот.

Покрај општата оцена за извршувањето на буџетот во целост, би требало да се опфатат и сите елементи што влијаеле врз височината на остварените приходи и врз извршувањето на распоредот на приходите.

### 5. **Утврдување и поднесување на завршната сметка на буџетот**

Органот на управата надлежен за буџетот — Нацртот на завршната сметка за извршување на буџетот го доставува до Службата на општественото книговодство најдоцна до 31 март 1977 година.

### III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 09-451/1
24 февруари 1977 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с.р.

ПРИЛОГ 1

Образец ЗСБ

СР ———————— ОПШТИНА ————

## ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 1976 ГОДИНА

I. ПРИХОДИ (во динари без пари)

| Ред. број | О П И С | Износ: Во претходната година | Износ: Во тековната година |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | А. ПРИХОДИ | | |
| 01 | Средства пренесени од претходната година | | |
| | 1. ДАНОЦИ НА ДОХОДОТ И ДАНОЦИ ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ | | |
| 02 | Данок на доход на организациите на здружениот труд | | |
| 03 | Данок од личен доход од работен однос | | |
| 04 | Данок од личен доход од земјоделска дејност | | |
| 05 | Данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност | | |
| 06 | Данок од личен доход од авторски права, патенти и технички унапредувања | | |
| 07 | Данок на вкупниот приход на граѓаните | | |
| 08 | Данок што го плаќаат странските лица | | |
| 09 | Други даноци од личен доход и од доходот | | |
| 10 | СÈ (02 до 09): | | |
| | 2. ДАНОК НА ПРОМЕТ, ДАНОК НА ИМОТ И ПРИХОДИ ОД ИМОТОТ | | |
| 11 | Основен данок на промет на производи | | |
| 12 | Посебен републички данок на промет на производи и на надоместоци за услуги | | |
| 13 | Посебен општински данок на промет на производи и на надоместоци за услуги | | |
| 14 | Данок на промет на недвижности и права | | |
| 15 | Данок на имот, данок на приходи од имотот и имотните права | | |
| 16 | Други даноци | | |
| 17 | СÈ (11 до 16): | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | 3. ТАКСИ | | |
| 18 | Административни такси | | |
| 19 | Комунални такси | | |
| 20 | Судски такси | | |
| 21 | СЀ (18 до 20): | | |
| | 4. ЦАРИНИ | | |
| 22 | Царини, посебни царински давачки и такси | | |
| | 5. ПРИХОДИ СПОРЕД ПОСЕБНИ ПРОПИСИ | | |
| 23 | Приходи од парични казни | | |
| 24 | Други приходи | | |
| 25 | СЀ (23 до 24): | | |
| | 6. ПРИХОДИ НА ОРГАНОТ НА УПРАВАТА И ДРУГИ ПРИХОДИ | | |
| 26 | Приходи на органот на управата | | |
| 27 | Други приходи | | |
| 28 | СЀ (26+27): | | |
| 29 | СЀ ПРИХОДИ (10+17+21+ +22+25+28): | | |
| | 7. СРЕДСТВА ПРИМЕНИ ОД ДРУГИ КОРИСНИЦИ | | |
| 30 | Од буџетите на општествено-политичките заедници | | |
| 31 | Други средства | | |
| 32 | СЀ (30+31): | | |
| | 8. КРЕДИТНИ И ОСЛОБОДЕНИ СРЕДСТВА | | |
| 33 | Кредитни средства | | |
| 34 | Ослободени средства | | |
| 35 | СЀ (33+34): | | |
| 36 | ВКУПНИ РАСПОЛОЖИВИ СРЕДСТВА (01+29+32+35): | | |
| | Б. РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ | | |
| | 1. Средства за финансирање на општите општествени потреби | | |
| | 1. ОСНОВНА НАМЕНА-РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ (без инвестиции) | | |
| 37 | Средства за редовна дејност | | |
| 38 | Средства за посебни намени | | |
| 39 | СЀ (37+38): | | |
| | 2. ОСНОВНА НАМЕНА-НАРОДНА ОДБРАНА И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА | | |
| 40 | Средства за народна одбрана и за општествена самозаштита | | |
| | 3. ОСНОВНА НАМЕНА-АКТИВНОСТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ | | |
| 41 | Средства на општествено-политичките и општествените организации и на здруженијата на граѓаните | | |
| 42 | СЀ (39+40+41): | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | II. СРЕДСТВА ЗА ДЕЈНОСТА НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | |
| 43 | Средства за дејноста на месните заедници | | |
| | III. Нестопански инвестиции | | |
| | ОСНОВНА НАМЕНА-НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | |
| 44 | Средства за тековни вложувања | | |
| 45 | Средства за отплата на ануитетите од тековната година | | |
| 46 | Средства за отплата на обврски од поранешни години | | |
| 47 | СЀ (44 до 46): | | |
| | IV. Инвестиции и интервенции во стопанството | | |
| | 1. ОСНОВНА НАМЕНА-ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | |
| 48 | Средства за тековни вложувања | | |
| 49 | Средства за отплата на ануитети од тековната година | | |
| 50 | Средства за отплата на обврски од поранешни години | | |
| 51 | СЀ (48 до 50): | | |
| | 2. ОСНОВНА НАМЕНА-ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | |
| 52 | Средства за враќање на давачки | | |
| 53 | Средства за компензации, премии, регреси и други потреби | | |
| 54 | СЀ (52+53): | | |
| 55 | Сè инвестиции и интервенции во стопанството (51+54): | | |
| | V. Останати намени | | |
| | 1. ОСНОВНА НАМЕНА-НЕРАСПОРЕДЕН ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ (ТЕКОВНА РЕЗЕРВА НА БУЏЕТОТ) И ОБВРСКИ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | | |
| 56 | Нераспореден дел од приходите (тековна резерва на буџетот) | | |
| 57 | Обврски од поранешни години (без инвестиции) | | |
| 58 | СЀ (56+57): | | |
| | 2. ОСНОВНА НАМЕНА-КРЕДИТИ, ОРОЧЕНИ И ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА | | |
| 59 | Орочени средства | | |
| 60 | Пренесени средства заради здружување и за инвестиции | | |
| 61 | Издвојување во резервниот фонд на Буџетот (тековни издвојувања) | | |
| 62 | Отплати и камати за користење на кредити и позајмици (без инвестиции) | | |
| 63 | Други средства | | |
| 64 | СЀ (59 до 63): | | |
| 65 | Сè други намени (58+64): | | |
| 66 | ВКУПНО НЕПОСРЕДНО РАСПОРЕДЕНИ СРЕДСТВА (42+ +43+47+55+65): | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | VI. Трансферни средства | | |
| | 1. ОСНОВНА НАМЕНА — ПРИДОНЕС И ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ | | |
| 67 | Придонес на буџетите на пошироките општествено-политички заедници | | |
| 68 | Дополнителни средства на потесните општествено-политички заедници | | |
| 69 | СЀ (67+68): | | |
| | 2. ОСНОВНА НАМЕНА — СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ | | |
| 70 | Образование и воспитување | | |
| 71 | Културни дејности | | |
| 72 | Научни дејности | | |
| 73 | Социјална и детска заштита | | |
| 74 | Здравствена заштита | | |
| 75 | Пензиско и инвалидско осигурување | | |
| 76 | Други дејности | | |
| 77 | СЀ (70 до 76): | | |
| 78 | Вкупно трансфери (69+77): | | |
| 79 | СЕ ВКУПНО РАСПОРЕДЕНИ (66+78): | | |
| | РЕКАПИТУЛАЦИЈА | | |
| 80 | Вкупни приходи (ред. бр. 36) | | |
| 81 | Вкупен распоред (ред. бр. 79) | | |
| 82 | Непотрошени средства на редовната дејност вратени во буџетот | | |
| 83 | Вишок на приходи (80+82 минус 81) | | |
| | VII. Распоред на вишокот на приходите | | |
| 84 | Пренос во буџетот за наредната година | | |
| 85 | Пренос во резервниот фонд | | |
| 86 | За други намени | | |
| | В. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ | | |
| | 1. Состојба на резервниот фонд | | |
| 87 | Состојба на почетокот од годината | | |
| 88 | Прилив во текот на годината | | |
| 89 | СЀ (87+88): | | |
| 90 | Користења во текот на годината | | |
| 91 | Состојба на резервниот фонд на крајот од годината (89 минус 90) | | |
| | Од тоа: | | |
| 92 | — во позајмици | | |
| 93 | — во готово на посебната сметка (91 минус 92) | | |
| | 2. Состојба на ненамирените стасани обврски | | |
| 94 | Ненамирени стасани обврски | | |

Ден ——— 197—— година ——————

(печат и потпис)

Место ——————

53.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за заеднички резерви на основните организации на здружениот труд од областа на здравството, Собранието на Републичкиот фонд за заеднички резерви на основните организации на здружениот труд од областа на здравството, на својата седница одржана на 21.II.1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ НА ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО, ПО ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ ЗА 1976 ГОД.

I.

Стапката за пресметување и уплатување на средствата во Републичкиот фонд за заеднички резерви на основните организации на здружениот труд од областа на здравството (Фонд), по завршните сметки за 1976 година изнесува 3‰ од остатокот на доходот.

II.

Средствата на Фондот од претходната точка се уплатуваат во рок од 30 дена по усвојувањето на завршната сметка.

III.

Оваа одлука да се објави во „Службен весник на СРМ".

IV.

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Број 4
21 февруари 1977 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Фондот,
прим. д-р **Василие Давидовски**, с.р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ОПШТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — СКОПЈЕ

**113.**

Врз основа на член 9 став 1 точка 3, а во врска со член 31, 32 и 50 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието и член 27, став 3 од Статутот на Општата заедница на образованието, Собранието на Општата заедница на образованието, на седницата одржана на 28 февруари 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1977 ГОДИНА

1. За 1977 година се утврдуваат следните стапки на придонесите за насоченото образование и тоа:

— 4,25 отсто од доходот на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот е остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход;

— 3,55 отсто од личниот доход од работен однос на работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците вработени кај обврзниците од претходната алинеја на оваа одлука.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот претставуваат сите парични примања според Законот за даноците на граѓаните.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Бр. 02-210/1
28 февруари 1977 година
Скопје

Претседател,
проф. **Димче Левков**, с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

**114.**

Врз основа на член 25 став 2 и 3 и член 24 став 8 од Законот за СИЗ на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 23 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ", бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 23.XII.1976 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1977 ГОДИНА

Член 1

а) Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците се утврдува на 7,50% на бруто основица и тоа:

— за задолжителни видови здравствена заштита — 2,90%;

— за здравствена заштита што Заедницата самостојно ја утврдува — 4,60%.

б) Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува на 0,70% од бруто основица, а ќе се пресметува:

— од доходот намален со договорните обврски и придонесите и даноците на ООЗТ распоредени во дејностите 1 до 8;

— од бруто личниот доход за обврзниците на придонесот распоредени во дејностите 9 и 0.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-215 од 29.03.1976 година („Службен весник на СРМ", бр. 16/76).

Бр. 01-673
9 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

**115.**

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71) и член 23 став 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 23.XII.1976 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1977 ГОДИНА

I

Придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1977 година се предвидува и тоа:

1. За осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски доход) се плаќа по стапка од 18% на катастарски приход (доход) во кој се содржани:

— стапка на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита — 4,68%;

— стапка на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови од 13,32%.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Бр. 01-682
16 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

## 116.

Врз основа на член 88 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71) и член 21 став 1 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ", бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 23.XII 1976 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА НА ФОНДОТ НА РАБОТНИЦИ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци — Фонд на работници за 1977 година, се утврдува на 3% на основица вкупни приходи на Заедницата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 01-953 од 26.XII 1975 година („Службен весник на СРМ", бр. 7/76).

Бр. 01-859
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

## 117.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 25 став 3 и член 26 од Законот за СИЗ на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ", бр. 7/76) Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата на трите собори на делегатите, одржана на 23.XII.1976 година донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ПРИВРЕМЕНО ВОН РАБОТЕН ОДНОС ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката на придонесот за здравствено осигурување на осигурениците привремено вон работен однос за 1977 година.

Член 2

За лицата кои привремено ќе останат вон работен однос и кои одредениот рок утврден со Законот за материјално обезбедување на привремено безработните осигуреници ќе се пријават во СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, врз основа на што ќе имаат право на материјално обезбедување и право на здравствена заштита, придонесот за здравствено осигурување ќе се плаќа:

— по стапка од 8% на основица бруто износ што служи за материјално обезбедување, или

— по стапка од 10,5% на основица нето износ што служи за материјално обезбедување.

Член 3

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува износот исплатен на име паричен надоместок на привремено безработните лица.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-961 од 26.XII.1975 година („Службен весник на СРМ", бр. 7/76).

Бр. 01-856
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател
д-р **Киро Китев,** с.р.

## 118.

Врз основа на член 101 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ", бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување—Кавадарци, на заедничка седница на трите собори, одржана на 23.XII 1976 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА ДЕТАШИРАНИ РАБОТНИЦИ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во висина од 20% на основица нето личен доход.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој осигуреник.

Посебниот придонес се плаќа во валута во која се прима личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 01-962 од 26.XII.1975 година („Службен весник на СРМ", бр. 7/76).

Бр. 01-863
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател
д-р **Киро Китев,** с.р.

**119.**

Врз основа на член 23 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 1 став 9 алинеја 8 од Законот за СИЗ на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори, одржана на 23.XII. 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА ОСИГУРЕНИКОТ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ, ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат како издржувани лица членовите на семејството и другите лица што се осигурени според Законот за здравствено осигурување и задолжителнтие видови на здравствена заштита на населението, како и условите под кои се смета дека издржуваното лице нема сопствени средства доволни за издржување.

Член 2

Се смета дека осигуреникот ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат во заедничко домаќинство и немаат сопствени приходи за издржување.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 500,00 динари годишно по едно издржувано лице или ако другите приходи не го надминуваат износот од 200,00 динари месечно по едно издржувано лице, или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 1.750,00 динари по едно издржувано лице.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 01-963 од 26.XII.1975 година („Службен весник на СРМ, бр. 7/76).

Бр. 01-861
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

---

**120.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за СИЗ на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на здравството и здравствento осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 23.XII 1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување и за утврдување на правата за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци за кои со Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението не е утврдена основица на придонесот.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци основица за пресметување и плаќање придонес за здравствено осигурување претставува личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификуван работник | 1.400,00 | динари, |
| — за полуквалификуван работ. | 1.600,00 | динари, |
| — за квалификуван работник | 2.000,00 | динари, |
| — за домашна помошничка | 1.400,00 | динари. |

Член 3

За ученици во стопанството односно ученици во училишта за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична работа во работната организација, училиштето или приватниот работодавец, основица е наградата што ја прима ученикот, но не помалку од следниот износ:

| | | |
|---|---|---|
| — за ученик од прва година | 400,00 | динари, |
| — за ученик од втора огдина | 600,00 | динари, |
| — за ученик од трета година | 800,00 | динари. |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-964 од 26.XII.1976 година („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76).

Бр. 01-857
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

---

**121.**

Врз основа на член 19 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 1.II.1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОШИРУВАЊЕ КРУГОТ НА ЛИЦА ЗА КОРИСТЕЊЕ ЦЕЛОСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ПО ОСНОВ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 1

Се воспоставува право на целосна здравствена заштита по основ на задолжителните видови на здравствена заштита на населението на деца и младинци од 16 до 20 годишна возраст и лица на 65 годишна возраст.

Член 2

Се задолжува Стручната служба на Заедницата да обезбеди користење на целосна здравствена заштита на лицата утврдени во претходната точка на оваа одлука кај организациите на здружен труд од здравството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Бр. 01-87
24 јануари 1977 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

---

**122.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), а во врска со член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 1.II.1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ И САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и угостители служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година со тоа што таа основица се смета како аконтација за тековната година.

За самостојните занаетчии и угостители на кои не им се утврдува даночната основица или данокот го плаќаат во годишен паушален износ како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување служи годишниот паушален износ на данокот од самостојно вршење на стопанска дејност во тековната година.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и угостители утврдено со претходните ставови на оваа точка не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за тековната година.

Член 2

Ако даночната основица (личниот доход) од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност не е утврдена како основица за плаќање на придонесот и определување на правата по основ на најниската основица на осигурувањето од точка I став 2 на оваа одлука, со тоа што конечното утврдување на основицата за осигурување ќе се изврши кога ќе се утврди даночната основица (месечниот доход) од самостојното вршење на стопанската дејност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Бр. 01-89
24 јануари 1977 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

**123.**

Врз основа на член 101 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 23 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 1.II.1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО И ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА СТРАНСКИ ПЕНЗИИ ЗА 1977 ГОД.

Член 1

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во височина од 15% од нето личниот доход на осигуреникот, односно од личниот доход на осигуреник со средни и исти квалификации, доколку не примал личен доход пред заминувањето во странство.

Член 2

Придонесот за здравствено осигурување на странски пензионери, неосигурени по конвенции или по друг основ, се определува во височина од 11,50% од износот на месечната пензија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Бр. 01-90
24 јануари 1977 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев,** с.р.

---

**124.**

Врз основа на член 26 од Законот за СИЗ на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 23 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори, одржана на 1.II.1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО, ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојан месечен износ за 1977 година се плаќаат и тоа:

1. за ученици во стопанството односно за ученици во училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична работа во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец — во износ од 50,00 дин. за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. за лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, а кои на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — во износ од 100,00 дин. од кои:

— 40,00 дин. — за задолжителни видови здравствена заштита,
— 50,00 дин. — за самостојни видови здравствена заштита,
— 10,00 дин. — за несреќа и професионално заболување;

3. За уживателите на постојана државна помош од страна на президиумите на народните собранија или од страна на Извршниот совет — во износ од 100,00 дин. од кои:

— 50,00 дин. — на име задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 50,00 дин. — на име самостојни видови здравствена заштита;

4. за членовите на семејствата на југословенските државјани во странство кои не се здравствено осигурени по прописите на земјата во која работат или според меѓународна спогодба, а пред стапување во работен однос во странство имале живеалиште на територијата на оваа заедница — во износ по член од 260,00 дин. од кои:

— 100,00 дин. — за задолжителни видови здравствена заштита,

— 160,00 дин. — за самостојни видови здравствена заштита.

5. за лица кои учествуваат на младински работни акции, кои во прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — во износ од 100,00 дин. од кои:

— 40,00 дин. — за задолжителни видови здравствена заштита,

— 50,00 дин. — за самостојни видови здравствена заштита,

— 10,00 дин. — за несреќа на работа и професионални заболувања;

6. за лица кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување во износ од 50,00 дин. на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

7. за лица-припадници на територијални единици, припадници на цивилна заштита, за време на извршување на задачите на територијална одбрана — во износ од 50,00 дин. на име придонес за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

8. за ученици во средните училишта и студенти во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата-во износ од 50,00 дин. и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

9. за лица кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги органира СИЗ за вработување — во износ од 50,00 дин. и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

10. за лица кои работат помалку од половина од полното работно време — во износ од 50,00 дин., и тоа само на тие придонеси за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

11. за лица-припадници на доброволните организации на противпожарната заштита во износ од 50,00 дин., и тоа само на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

Бр. 01-91
25 јануари 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

**125.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 23 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци („Службен весник на СРМ“, бр. 7/76), Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 1.II. 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Член 1

Се утврдува височината на учеството — партиципацијата на осигурениците — земјоделци во трошоците на здравствената заштита предвидена во законските прописи и нормативните акти на Заедницата, само за надзадолжителните видови на здравствената заштита.

Член 2

Осигурениците — земјоделци со учество од 50% од цената на услугата имаат право да ги користат следните видови на здравствена заштита:

1. преглед и лекување кај лекар од општа практика и лекар-специјалист во сите видови на амбулантно — поликлиничките организации на здружениот труд од здравството, како и потребни лабораториски испитувања во врска со прегледот;

2. стационарно лекување во сите стационарни здравствени организации, вклучувајќи ги специјализираните стационари, освен стационарите со примена на природните фактори на лекување;

3. прегледи, лекување, пломбирање и вадење на заби во сите забоздравствени организации, вклучувајќи ја и специјалистичката ортодонција, освен ортопедските помагала;

4. превоз со кола за итна помош кога тоа е неопходно за пренос на болниот од станот до најблиската здравствена работна организација која може да му пружи потребна лекарска помош;

5. лекови и санитетски материјал во амбулантно -поликлиничкото лекување кога не се пресметани во цената на услугата.

Член 3

Осигурениците — земјоделци учеството предвидено во оваа одлука за извршените здравствени услуги го плаќаат на организацијата на здружен труд од здравството која ја извршила услугата.

Член 4

Користењето на задолжителните видови на здравствената заштита (член 30 од Законот) се обезбедува во целост на товар на средствата на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Бр. 01-85
24 јануари 1977 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

**126.**

Врз основа на член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 1.II.1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Заради порационално и поекономично користење на средствата наменети за здравствена заштита, со оваа одлука се определуваат видовите на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на Заедницата задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и височината на тоа учество.

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица на Заедницата кои се осигурени по одредбите на Статутот и Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствените услуги кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствена заштита и здравствените услуги предизвикани со несреќа на работа и професионални заболувања предвидени со закон и Статутот на Заедницата.

Член 3

1. Сите лекови со 5,00 динари по еден лек, освен за оние лекови за чија употреба е потребна непосредна интервенција од стручен здравствен работник. Осигурениците се ослободени од утврдената партиципација во износ од 5,00 динари во случај кога цената на препишаниот лек е пониска од тој износ;

2. Здравствените услуги пружени со цел за естетска корекција на одделни органи или делови на телото, естетски операции на носот, ушните школки, лицето, дојките, операција на брадавица и сл. — со 50% од вкупната вредност, освен кога корекциите се потребни за премавнување на функционални и психички оштетувања — психичка надградба, и оштетувања предизвикани не по вина на осигуреникот.

За случаите кои треба да се ослободат од учество во трошоците по оваа точка треба да се прибави мислење од Лекарската комисија на Заедницата;

3. Здравствените услуги пружени со цел за хируршки корекции на вродените недостатоци и деформации или слични на нив, настанати пред здобивање својство на осигурено лице — со 30% од вкупната вредност;

4. Сите здравствени услуги — абортуси за кои не постои апсолутна медицинска индикација — со 50% од вкупната вредност;

5. Чевли со протези — со 40% од вкупната вредност;

6. Ортопедски чевли:

— до 200 динари вредност — со 35% од вкупната вредност,

— до 250 динари вредност — со 30% од вкупната вредност,

— преку 250 динари вредност — со 25% од вкупната вредност.

Учеството од оваа точка не може да го надмине износот од 100 динари.

— нараквици — со 30% од вкупната вредност;

7. Сите видови гумени чорапи, освен на осигурените лица од женскиот пол кога носат протези на долните екстремитети — со 40% од вкупната вредност;

8. Затеги, суспензориуми и појаси — со 30% од вкупната вредност;

9. Корсети и мидери — со 30% од вкупната вредност;

10. Ортопедски влошки — со 40% од вкупната вредност;

11. Кожни капи — со 40% од вкупната вредност;

12. Протези за горни и долни екстремитети (вештачки раце со дланки, функционални продолжетоци и непоставени кожни нараквици), како и протези на долните екстремитети (со навлака за поткинат дел), кога потребата за овие протези настанала пред здобивање својство на осигурено лице — со 20% од вкупната вредност;

13. Очила — со 40% од вкупната вредност;

14. Слушни помагала — со 20% од вкупната вредност;

15. Привремени и имедијатни протези — со 50% од вкупната вредност;

16. Заботехничка помош и други забнопротетички средства — со 20% од вкупната вредност;

17. Вештачка дојка — со 20% од вкупната вредност;

18. Перики — со 40% од вкупната вредност;

19. Апарати за говор — со 20% од вкупната вредност;

20. За сите пружени здравствени услуги предизвикани во пијана состојба — со 50% од вкупната вредност.

Член 4

Осигурените лица го плаќаат утврдениот дел на учеството со оваа одлука на организацијата која ќе ја изврши услугата, односно која ќе го испорача лекот или помагалото и во случај кога таа организација не склучила договор со Заедницата на осигуреното лице, а има регулирани договорни односи со подрачната заедница на здравственото осигурување.

Член 5

Осигурените лица не учествуваат во трошоците за поправка на помагалата кога на таква поправка имаат право согласно Правилникот за индикациите, за стандардите за материјали и за роковите на траењето на протетичките и ортотичките средства и санитарните справи, за очните и слушните помагала, како и помагалата за овозможување на гласен говор и Правилникот за индикациите за забно-протетичка помош, за стандардите за материјали од кои се изработуваат забнопротетички средства и за роковите на траењето на тие средства („Службен весник на СРМ“, бр. 42/72).

Осигурениците — уживатели на пензија со заштитен додаток и членовите на семејствата кои тие здравствено ги осигуруваат, како и осигурениците — лица пријавени во Заводот за вработување кои примаат материјално обезбедување и членовите на семејствата кои тие ги издржуваат, плаќаат учество во трошоците на здравствените услуги предвидени во член 3 став 1 од оваа одлука, освен за услугите од точка 2 на споменатиот став.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-238 од 2 април 1975 година.

Член 7

Оваа одлука важи од 1.II.1977 година.

Бр. 01-86
24 јануари 1977 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

**127.**

Врз основа на член 88 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71) и член 23 став 1 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 23.XII.1976 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување на финансиска стабилност вс работењето и ликвидност во извршувањето на обврските спрема осигурените лица — земјоделци, здравствените работни организации и други организации на кои им се доверува спроведувањето на здравственото осигурување, СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци — фонд на земјоделци, издвојува средства во резервен фонд.

Член 2

Средствата за резервен фонд ќе се пресметуваат по стапка од 3% на основица вкупен приход на СИЗ на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци — фонд на земјоделци за 1977 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-952 од 26.XII.1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 8/76).

Бр. 01-858
8 декември 1976 година
Кавадарци

Потпретседател,
д-р **Киро Китев**, с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — КРАТОВО

**128.**

Врз основа на член 9 став 1 точка 3 и член 12 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ, бр. 5/74) и член 13 став 1 точка 3 од Статутот на СИЗ на основното образование — Кратово, Собранието на Самоуправната интересна заедница на основното образование — Кратово, на својата редовна седница одржана на 26 јануари 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Висината на стапката на придонесот од личен доход од работен однос за основно образование за 1977 година СЕ УТВРДУВА ВО ИЗНОС од 4,50% (сметано на бруто личен доход).

Член 2

Придонесот за основно образование се пресметува и уплатува согласно член 19 став 1 алинеја 1 и чл. 20, 22, 23 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), а во врска со член 13 од Законот (сојузен) за применување на прописите и за решавање на судирите на републичките односно покраинските закони во областа на даноците, придонесите и таксите („Службен весник на СРМ“, бр. 36/75).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово“, „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.2.1977 година.

Бр. 21
26 јануари 1977 година
Кратово

Претседател,
**Светлана Николовска**, с.р.

**129.**

Врз основа на член 9 став 1 точка 3 и член 12 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 13 став 1 точка 3 од Статутот на СИЗ на основното образование — Кратово, Собранието на Интересната заедница на основното образование — Кратово, на својата редовна седница одржана на 26 јануари 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Висината на стапките на придонесот од личен доход за основно образование за 1977 година СЕ УТВРДУВА во износ и тоа:

- придонес од личен доход од земјоделска дејност — 2%;
- придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — 10%;
- придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — 10%.

Член 2

Придонесот за основно образование се пресметува и уплатува согласно член 19 став 1 алинеја 2, 3 и 4 и чл. 21, 22, 23 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), а во врска со член 11 и 13 од Законот (сојузен) за применување на прописите и за решавање на судирите на републичките односно покраинските закони од областа на даноците, придонесите и таксите („Службен лист на СФРЈ“, бр. 36/75).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово“, „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1.I.1977 година.

Бр. 21
26 јануари 1977 година
Кратово

Претседател,
**Светлана Николовска**, с.р.

ЗАЕДНИЦА НА СТАНУВАЊЕТО — СТРУГА

**130.**

Врз основа на член 10 став 1 точка 5 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето, член 17 став 1 точка 5 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на станувањето на општината Струга, член 228 став 4 и член 226 од Статутот на општината Струга, Соборот на здружен труд на Собранието на општината Струга и Собранието на Самоуправната интересна заедница на станувањето — Струга, на седницата на Соборот на здружен труд, одржана на 2.2.1977 година и на седницата на Собранието на СИЗ на станувањето — Струга, одржана на 29.12.1976 година, рамноправно донесоа

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката на придонесот за станбена изградба што ќе го уплатуваат организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и заедници.

Член 2

Основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружен труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 — 8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности, се должни да плаќаат придонес по стапка од 4% применувана на доходот и го внесуваат на сметката на Заедницата на станувањето — Струга. Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните договорни и законски обврски, освен данокот на доход.

Член 3

Организациите и заедниците од областа на културата, социјалната дејност, општествените органи и служби распоредени во областите од 9—0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности се должни да плаќаат придонес по стапка од 5% применувана на бруто личниот доход и да го внесуваат на сметката на Заедницата на станувањето — Струга.

Член 4

Обврзници на придонесот по стапка од 5% на бруто личниот доход, применувана на бруто личниот доход, се работниците вработени кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд од други лица.

Член 5

Обврзник на придонесот за станбена изградба по стапка од 5% е и Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Социјалистичка Република Македонија за пензионерите и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

Член 6

Пресметувањето и уплатувањето на придонесот од доходот се врши според прописите за данокот на доход на основните организации на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, а од личниот доход-според прописите за даноците на граѓаните.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1.1.1977 година.

Бр. 02-365
30.12.1976 година
Струга

Собрание на СИЗ на станувањето на општина Струга
Претседател,
**Гаврил Бебекоски,** с.р.

Собор на здружениот труд
Претседател,
**Душан Трпеноски,** с.р.

Собрание на општината Струга
Претседател,
**Ристо Милески,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — БИТОЛА

**131.**

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружен труд, од личен доход од работен однос, од личен доход од земјоделска дејност, од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, од личен доход од самостојно вршење на нестопанската дејност, од кои се обезбедуваат средства за Самоуправната интересна заедница на културата за подрачјето на општината Битола.

Член 2

Стапките на придонесите што се плаќаат на Самоуправната интересна заедница на културата на општина Битола изнесуваат:

1) придонес од доходот на основните организации на здружен труд — по стапка од 0,50%;

2) придонес од личен доход од работен однос од нестопанството — по стапка од 0,44%;

3) придонес од личен доход од земјоделска дејност — по стапка од 2,2%;

4) придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — по стапка од 2,2%;

5) придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — по стапка од 2,2%.

Член 3

Обврзници на придонесот од доходот за Самоуправната интересна заедница на културата на општината Битола се основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружен труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности.

Основица за пресметување и планирање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 4

Стапката од придонесот од личниот доход од земјоделска дејност е пропорционална. Разрезот ќе го врши Секретаријатот за финансии.

Член 5

Во поглед на пресметувањето, уплатувањето, застапеноста и присилната наплата на придонесот за култура од доходот на организациите на здру-

жениот труд и казните, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот на доход во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“, бр. 47/73 и 11/74).

Член 6

Стапките на придонесот од член 2 на оваа одлука ќе се применуваат од 1.1.1977 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Битола“.

Член 8

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ на културата — Битола, донесена од страна на Собранието на општината Битола („Службен весник на СРМ“, бр. 30 од 25.IX.1976).

Бр. 02-37/1
14 февруари 1977 година
Битола

Претседател,
**Петар Најдовски,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ — РЕСЕН

**132.**

Врз основа на член 24 точка 3 од Статутот на СИЗ на основното образование — Ресен и член 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на основното образование („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), Собранието на СИЗ на основното образование — Ресен, на седницата одржана на 30 декември 1976 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ ЗА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ — РЕСЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личниот доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност, придонес од личен доход од самостојно вршење на стопански дејности и придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, со кои ќе се обезбедуваат средства за финансирање на СИЗ на основното образование.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на Самоуправната интересна заедница на основното образование изнесуваат:

— придонес од личен доход од работен однос — 5,5% од бруто личниот доход;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност — 8%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност — 4%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност — 4%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Член 4

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-78/1 од 27. 2. 1976 година.

Дел. бр. 02-505/1
31 декември 1976 година
Ресен

Претседател,
**Маре Димитриевска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**133.**

Врз основа на член 11 и 24 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Радовиш, Собранието на СИЗ за социјална заштита — Радовиш, на седницата одржана на 24 март 1976 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесот што ги плаќаат основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи распоредени во областа од 1 до 8 од Номенклатурата за распоредување на нестопанските и други организации и државни органи по дејности од доходот, работните луѓе што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците вработени кај обврзниците од член 21 од Законот за СИЗ за социјална заштита, работните луѓе што самостојно вршат земјоделска, стопанска и нестопанска дејност.

Член 2

Во 1976 година стапките на придонесите се:

1. 0,40% од доходот на основните организации на здружен труд (член 21 од Законот);

2. 0,35% од личен доход од работен однос (член 22 од Законот);

3. 2,5% од личен доход од самостојно вршење на земјоделска, стопанска и нестопанска дејност (член 23 од Законот).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 02-4
24 март 1976 година
Радовиш

Претседател,
**Љупчо Димитриев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ВИНИЦА

**134.**

Врз основа на член 16 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 14 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Виница, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита, на седницата одржана на 20 јануари 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стапките на придонесите од доходот и личните доходи за финансирање на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита се менува членот 2 и гласи:

„Член 2

Стапките на придонесите што ќе се пресметуваат и уплатуваат на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита изнесуваат:

— придонесот од доходот на основните организации на здружен труд што утврдуваат доход според Номенклатурата изнесува 0,60%;

— придонесот од личен доход од работен однос ќе се пресметува по стапка од 0,60%;

— придонесот од личен доход што се пресметува на катастарскиот доход од земјоделие ќе се пресметува по стапка од 1%;

— придонесот од личен доход од самостојно вршење на занаетчиска дејност по стапка од 1%“.

Член 2

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Службата за општествено книговодство — експозитура Кочани — деловница Виница.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Виница“.

Бр. 02-6
20 јануари 1977 година
Виница

Претседател,
**Боро Тасев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ВИНИЦА

**135.**

Врз основа на член 60 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и одредбите од Статутот на Самоуправната интересна заедница за општествена заштита на децата — Виница, Собранието на ОСИЗ за општествена заштита на децата на општина Виница, на седницата одржана на 21 јануари 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ВИНИЦА

Член 1

Се утврдува стапката на придонесот од личен доход од редовен работен однос, од личен доход од земјоделска дејност, од самостојно вршење на занаетчиска и друга нестопанска дејност.

Член 2

Обврзници на придонесот од личен доход од член 67 точка 1 се работниците што остваруваат личен доход од работен однос.

Обврзници на придонесот на личен доход од член 67 точка 2, 3 и 4 се работните луѓе што вршат: земјоделска, самостојна стопанска и нестопанска дејност.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот според став 1 на овој член претставуваат сите парични примања според Законот за даноците на граѓаните.

Основица за пресметување на придонесот од став 2 на овој член е основицата на која се плаќа данок според Законот за даноците на граѓаните.

Член 3

Стапката по сите основи изнесува 0,50% на пропишаните основици.

Член 4

За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Службата за општествено книговодство — експозитура Кочани — деловница Виница.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Виница“.

Бр. 02-6
21 јануари 1977 година
Виница

Претседател,
**Тодоров Ванчо,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА СТАНУВАЊЕТО — СТРУМИЦА

**136.**

Врз основа на член 5 став 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето („Службен весник на СРМ“, бр. 49/74) и член 5 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на СИЗ на станувањето — Струмица, Собранието на СИЗ на станувањето — Струмица, на седницата одржана на 9 декември 1976 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА ОД ПРИДОНЕСОТ ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

Член 1

Средства на Заедницата на станувањето обезбедуваат работните луѓе со:

— придонес од доходот на основните организации на здружениот труд, и

— придонес на личниот доход.

Член 2

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1—8 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход, по стапка од 4%.

Член 3

Обврзници на придонесот од личниот доход се работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците од член 19 од Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува бруто личниот доход, по стапка од 4%.

Член 4

Основица за пресметување на придонесот од личниот доход на работниците вработени кај работните луѓе што работат со средства на трудот во сопственост на граѓаните и користат дополнителен труд на други лица е бруто личниот доход на работниците, по стапка од 4%.

Член 5

Обврзник на придонесот за станбена изградба е Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на СРМ за пензионерите и корисниците на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став е месечниот износ од пензијата, по стапка од 4%.

Член 6

Во Заедницата на станувањето можат да се здружат и други средства што ги издвојуваат работниците во основните организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници, под услови што ќе се утврдат со самоуправните спогодби и општествените договори.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 02-1304/1
30 декември 1976 година
Струмица

Претседател,
**Васил Печков,** с. р.

---

Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Штип, дава

## ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ ПРИДОНЕСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1977 ГОДИНА, БРОЈ 04-15/4 ОД 29 ДЕКЕМВРИ 1976 ГОДИНА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ“, БРОЈ 5/77)

Во член 3 став 1 наместо „10,13%, треба да стои „10,55%“.

Од Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Штип, бр. 04-15/4 од 14 февруари 1977 година.

---

## СОДРЖИНА

Страна


49. Решение за именување претседател и членови на Советот на Дирекцијата за републички стоковни резерви — — — 137
50. Решение за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Центарот за слух, говор и глас 137
51. Правилник за начинот на плаќање на даночните обврски со чековни уплатници 137
52. Упатство за составување на Завршната сметка на буџетот на Републиката и општините за 1976 година — — — — — 138
53. Одлука за определување на стапката за пресметување и уплатување на средствата во Републичкиот фонд за заеднички резерви на основните организации на здружениот труд од областа на здравството, по завршните сметки за 1976 година 141

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

113. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за насоченото образование за 1977 година — — — — — — — 142
114. Одлука за утврдување висината на придонесот за здравствено осигурување на работниците во 1977 година — — — — 142
115. Одлука за придонесите на здравствено осигурување на земјоделците за 1977 година — — — — — — — — — — 142
116. Одлука за висината на стапката за задолжителна резерва на Фондот на работници за 1977 година — — — — — 143
117. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за здравствено осигурување на осигурениците привремено вон работен однос за 1977 година — — — — 143
118. Одлука за висината на стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство на деташирани работници за 1977 година — — 143
119. Одлука за условите под кои се смета дека осигуреникот издржува членови на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување, за 1977 година — — — 144
120. Одлука за утврдување на основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци за 1977 година — — — — — — — — — 144
121. Одлука за проширување кругот на лица за користење целосна здравствена заштита по основ на задолжителните видови на здравствена заштита на населението 144
122. Одлука за определување основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители за 1977 година — — — — — — — 145
123. Одлука за висината на придонесот за користење здравствена заштита во странство и за здравствено осигурување на уживателите на странски пензии за 1977 година — — — — — — — — — 145
124. Одлука за постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделните категории лица надвор од работен однос осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, за 1977 година — — — 145
125. Одлука за утврдување на височината на учеството на осигурените лица-земјоделци во поднесувањето на трошоците за здравствени услуги — — — — — — 146
126. Одлука за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствена заштита — — — — — — 147
127. Одлука за висината на стапката на задолжителната резерва на Фондот за земјоделци за 1977 година — — — — — 148
128. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за основно образование за 1977 година — — — — — — — — 148
129. Одлука за утврдување на стапките на придонесот за основно образование за 1977 година — — — — — — — — 148
130. Одлука за утврдување стапката на придонесот за станбена изградба — — — 149
131. Одлука за утврдување стапките на придонесите за Самоуправната интересна заедница на културата на подрачјето на општината Битола — — — — — — 149
132. Одлука за утврдување стапките на придонесите од личниот доход на граѓаните за Самоуправната интересна заедница на основното образование — Ресен — — 150
133. Одлука за одредување на стапките на придонесот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Радовиш — — — — — — — — 150
134. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за финансирање на ОСИЗ за социјална заштита — Виница — — 150
135. Одлука за утврдување стапките на придонесите од личен доход за финансирање на ОСИЗ за општествена заштита на децата — Виница — — — — — — 151
136. Одлука за утврдување на стапката од придонесот за станбена изградба — Струмица — — — — — — — — — — 151

**Исправка** на Одлуката за стапките и тарифите на придонесите за здравственото осигурување и стапките на посебните придонеси за користење на здравствена заштита во странство за 1977 година, бр. 04-15/4 од 29 декември 1976 година („Службен весник на СРМ“, бр. 5/77) — — 152


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**